**РЕШИ ЈА МИСТЕРИЈАТА! КОИ ДВАЈЦА ЌЕ ЈА ОРГАНИЗИРААТ ПРЕДНОВОГОДИШНАТА ЗАБАВА!!**

**ПРЕСМЕТАЈ КОЈ КОЛКУ ПОТРОШИЛ ЗА ПОДАРОЦИ. ЛИКОТ ШТО ПОТРОШИЛ НАЈМАЛКУ И ЛИКОТ ШТО ПОТРОШИЛ НАЈМНОГУ ЌЕ ЈА ОРГАНИЗИРААТ НОВОГОДИШНАТА ЗАБАВА.**

**ДЕДО МРАЗ**



Потрошив просечно по 150 денари за еден подарок. Купив подароци за мојата сопруга, за моте пет внучки и за моите 4 внучиња.

**ГОБЛИН**



Јас купив 4 подароци. Најевтиниот ме чинеше 155 денари, а секој следен беше 45 денари поскап од претходниот.

**СНЕШКО**



Јас во просек, за подарок потрошив 26 денари помалку отколку просекот на Дедо Мраз. Купив 15 подароци.

**САМОВИЛА**



Еден од моите подароци чинеше колку најскапиот подарок на Гоблинот. Преостанатите 4 подароци ги купив по 132 денари секој.

**ИРВАС**



Јас купив 8 подароци за моите другари ирваси. Во продавницата имаше понуда „купи 3 – земи 1 бесплатно". Цената на еден подарок беше 125.

**Помошникот на Дедо Мраз, џуџето ВИЛИ**



Најскапиот подарок што го купив ме чинеше колку најевтиниот подарок на Гоблинот. Купив уште 6 подароци, секој следен поевтин за 11 денари.

КОГА ЌЕ БИДЕ ЗАБАВАТА?




Откриј го денот и датумот на забавата според дадените насоки.

- Ќе биде во текот на месец декември.
- Датумот е парен број.
- Нема да биде на викенд.
- Ќе се одржи по денот со датум прост број.
- Производот на цифрите во датумот е 0.

ОДГОВОР

Предновогодишната забава ќе ја организираат ____________________ и ____________________.

Забавата ќе се одржи во ________________ на ______________________.